Врз основа на член 384, член 385 и член 387 од Законот за трговските друштва, и член 21 и 23 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. „Илинденска" бр. 18-а – Тетово, со ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, а согласно Одлуката за свикување на Собрание на акционери бр. 0202-147/2 од ден 22.04.2025 година, Управниот одбор на друштвото,УПАТУВА

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ДО СИТЕ АКЦИОНЕРИ НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО**
**ЗА УЧЕСТВО НАГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

СЕ ИЗВЕСТУВААТ акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово дека на ден 27.05.2025 година (вторник), со почеток во 10:00 часот, ќе се одржи годишно Собрание на акционери на друштвото. Собранието ќе се одржи на ул. „Илинденска" бр. 18-а – Тетово, во старите канцеларии на Друштвото (Стара Стоковна куќа).

За Собранието се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД:**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието – верификација на списокот на пријавени и присутни акционери и нивни полномошници
3. Избор на претседавач, бројач на гласови и нотар како записничар

**II. Работен дел**

1. Усвојување на Записникот од годишната седница на Собранието на акционери одржана на ден 27.06.2024 година
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на Друштвото за 2024 година
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на извештајот за ревизијата на годишната сметка за 2024 година
4. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на извештајот за работење на Друштвото и органите на управување на Друштвото
5. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на органот на управување и надзорниот одбор
6. Донесување на Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото остварена во 2024 година
7. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда и утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 година (дивиденден календар)
8. Донесување на Одлука за стекнување на сопствени акции со откуп
9. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година
10. Донесување на Одлука запоништување на Одлуката на собранието на акционери за промена на седиштето на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово од ден 27.06.2024 година

11. Донесување на Одлука за поништување на Одлуката на собранието на акционери за измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово од ден 27.06.2024година

Право на учество на Собранието на акционери имаат сите акционери запишани во акционерската книга на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, лично или преку нивни застапници овластени со писмено полномошно. Потребно е да се приложи ново полномошно (бидејќи во акционерската книга има испишани и запишани нови акционери) согласно член 392 од ЗТД.

Пријава за учество на Собранието на акционери акционерот или неговиот застапник е должен да достави до Друштвото најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учеството на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање на полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја точка кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашањата уредно ставени на дневен ред.

Акционерите може да направат увид во материјалите по прашањата од дневниот ред на Собранието почнувајќи од 24.04.2025 година до 26.05.2025 година, секој работен ден во времето од 12:00 до 15:00 часот, во просториите на Друштвото на адреса ул. 152 бр. 1/А, населба Дреновец, Тетово.

Официјалната интернет страница на Друштвото е www.interpromet.mk.

УПРАВЕН ОДБОР
НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО